До:
Народна банка на Република Северна Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу“ бр.1, Скопје
(02) 3108-259

службени лица:

Јанче Лековски
e-mail: LekovskiJ@nbrm.mk
м-р Маја Андреевска
(02) 3108-549
e-mail: AndreevskaM@nbrm.mk

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

на

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме за одговор како буџетски корисник од прв ред, за буџетска 2020 година а како резултат на Ковид-19 ефектите дали:

1) Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:

   Дали сте барале и користеле од ***постојаната*** буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

   Дали истите се зголемиле со ***прераспределба***, за вас како буџетски корисник, ако да во која висина?

   Дали сте барале и користеле од ***тековната*** буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

2) Дали како резултат на пандемијата со Ковид-19 како буџетски корисник од прв ред, сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените“ постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да ве

молиме наведете за што, и во која висина? Каква постапка е користена?

3) Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултата на Ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Скопје, 10.09.2020 година** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), на 17 септември 2020 година, секретарот на банката како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОДБИВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер од 10.09.2020 година, поднесено од

## Образложение

Од страна на лицето , претседател на по електронски пат до Народната банка, на 10.09.2020 година доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под број 02-22682/1. Со барањето, барателот бара податоци од Народната банка како буџетски корисник од прв ред, за буџетската 2020 година, а како резултат на Ковид-19 ефектите, дали:

1) Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет, планирани се средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, дали во текот на 2020 до сега сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:

Дали сте барале и користеле од постојаната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

Дали истите се зголемиле со прераспределба, за вас како буџетски корисник, ако да, во која висина?

Дали сте барале и користеле од тековната буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

2) Дали како резултат на пандемијата со ковид-19 како буџетски корисник од прв ред, сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените" постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да, ве молиме наведете за што и во која висина? Каква постапка е користена?

3) Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултат на ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои?

Народната банка не располага со бараните информации, имајќи го предвид фактот дека таа не е буџетски корисник од прв ред и не користи буџетски средства согласно Законот за буџетите.

При спроведување на јавните набавки, Народната банка не користи буџетски средства за оваа намена.

Народна банка на Република Северна Македонија
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје
Телефони: 02 3108-108 (Централа)
Факс: 02 3108-357 (Централа)
www.nbrm.mk

Согласно членот 3 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Народната банка е правно лице со административна, финансиска и управувачка самостојност. Согласно членот 5 од истиот закон, Народната банка е независна при постигнувањето на целите и задачите и е одговорна под услови и на начин утврден со овој закон.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-22682/2
17 септември 2020 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.